- lloji dhe prodhuesi, fuqia dhe numri i paneleve fotovoltaike: monokristalore

JINKO SOLAR, 60HL4- (V) 475-500W, 485W, 103 panele me fuqi prej 485 W,

- lloji dhe prodhuesi, fuqia dhe numri i invertorëve:

V-TAVC, V-TAC 50 kW- VT-6607150 (50 kW), 1 invertor me fuqi nominale prej 50 kW,

g) rrezatimi vjetor diellor në atë lokacion: 1391,16 kWh/2

prodhimi i pritur vjetor i energjisë elektrike: 1.264.938,58 kWh/në vit.

## АД МЕПСО

**1969.**

Врз основа на член 236 став (4) точка 2) и член 79 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22, 134/24 и 147/24) и согласно член 19 од Статутот на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, а по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија со Одлука бр. 12-697/3 од 17 април 2025 година, на ден 28 април 2025 година со одлука бр. 02-2421/1 донесе:

### П Р А В И Л А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА БАЛАНСИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 179/19, 242/19, 49/20, 7/21, 146/21, 263/21, 289/21, 281/22, 114/2023, 284/2023 и 271/2024) во член 18 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Стандарден продукт за aFRR балансен капацитет е часовен продукт со вредности исти во двете насоки.“

Со додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Доставените количини за секој продукт се изразуваат во целобројна вредност во MW.“

Член 2

Членот 23 се менува и гласи:

„Член 23

(1) BSP на аукцијата за набавка на aFRR балансен капацитет доставува понуди како портфолио за количината и цената на aFRR балансен капацитет.

(2) BSP на аукцијата за набавка на aFRR балансна енергија, за доставените понуди за обезбедување на aFRR балансна енергија во денот Д-1 за денот Д, треба да ги достави балансните единици со кои ќе го обезбеди закупениот aFRR балансен капацитет, количината на MW за секоја балансна единица соодветно и цените на балансна енергија, доколку се во рамките на минималните и максималните вредности за цена на aFRR балансна енергија дефинирани во новиот став (3) од овој член.

(3) Доставените понуди за aFRR балансна енергија во денот Д-1 за денот Д треба да ги имаат следните вредности и тоа:

1) за регулација нагоре цената на aFRR балансна енергија доставена во Д-1 за денот Д може да биде помала или еднаква од вредноста HUPX+50% за соодветниот час постигната во DAM (Day Ahead Market). Ако вредноста на HUPX постигната на DAM за соодветниот час е помала од вредноста по која универзалниот снабдувач ја купува електричната енергија од производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет, наместо HUPX +50% се зема вредност по која универзалниот снабдувач ја купува електричната енергија од производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет зголемена за +50%,

2) за регулација надолу цената на aFRR балансна енергија доставена во Д-1 за денот Д во случаи кога има позитивни вредности на HUPX во DAM, може да биде поголема или еднаква од вредноста HUPX-50% за соодветниот час постигната во DAM (Day Ahead Market). Ако вредноста на HUPX за соодветниот час во DAM е пониска од 40 €/MWh, се зема HUPX -40€/MWh за соодветниот час постигната во DAM.

3) за регулација надолу цената на aFRR балансна енергија доставена во Д-1 за денот Д во случаи кога има негативна или нула вредност на HUPX во DAM може да биде поголема или еднаква на вредноста HUPX-40€/MWh за соодветниот час постигната во DAM (Day Ahead Market).

(4) ОЕПС има право да организира аукции за денот Д, во денот Д-2, односно Д-3, во услови на празници и викенди.

(5) Во услови на одржани аукции за период поголем од Д-1 кога вредностите од став 3) од истиот член не се достапни, давателите на балансни услуги доставуваат понуди без ограничување на цената на балансна енергија и согласно тие цени се креира мерит ордер листа. Кога вредностите од став 3) се достапни и доколку цените за балансна енергија ги надминуваат истите, тие ќе бидат сведени на соодветните граници.

(6) Вредноста на доставените понуди за обезбедување на aFRR балансна енергија во денот Д-1 за денот Д на часовно ниво, мора да биде поголема или еднаква на -50 €/MWh. Доставените количини за секоја балансна единица се изразуваат во целобројна вредност во MWh.“

Член 3

Во член 33 се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Доставените количини за секој продукт се изразуваат во целобројна вредност во MW“

Член 4

Во членот 34 ставот (5) се брише.

Член 5

Членот 39 се менува и гласи:

„Член 39

(1) BSP на аукцијата за набавка на mFRR балансен капацитет доставува понуди како портфолио за количината и цената на mFRR балансен капацитет.

(2) BSP за доставените понуди за обезбедување на mFRR балансна енергија во денот Д-1 за денот Д, ги има следните можности:

1) да ги достави балансните единици со кои ќе го обезбеди закупениот mFRR балансен капацитет, количините на MW за секоја балансна единица соодветно и цените на балансна енергија, доколку се во рамките на минималните и максималните вредности за цена на mFRR балансна енергија дефинирани во став (4) од овој член, или

2) да достави нови понуди со количини MW со кои ќе обезбеди mFRR балансна енергија надвор од вредноста на закупениот mFRR балансен капацитет и цена на mFRR балансна енергија која е во рамките на минималните и максималните вредности дефинирани во став (4) од овој член. Во овој случај АД МЕПСО ќе му плати на BSP само за закупениот mFRR балансен капацитет.

(3) BSP кој не учествувал на аукцијата за набавка на mFRR балансен капацитет има право да достави понуди за mFRR балансна енергија кои ќе се во согласност со ограничувањата во став (4) од овој член.

(4) Доставените понуди за mFRR балансна енергија во денот Д-1 за денот Д треба да ги имаат следните вредности и тоа:

1) За регулација нагоре цената на mFRR балансна енергија доставена во Д-1 за денот Д, може да биде помала или еднаква на вредноста HUPX+30% за соодветниот час постигната во DAM (Day Ahead Market). Ако вредноста на HUPX постигната на DAM за соодветниот час е помала од вредноста по која универзалниот снабдувач ја купува електричната енергија од производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет, наместо HUPX +30% се зема вредност по која универзалниот снабдувач ја купува електричната енергија од производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет зголемена за +30%,

2) за регулација надолу цената на mFRR балансна енергија доставена во Д-1 за денот Д, за позитивни вредности на HUPX постигнати на DAM за соодветниот час може да биде поголема или еднаква од вредноста HUPX - 70% за соодветниот час постигната во DAM (Day Ahead Market). Ако вредноста на HUPX за соодветниот час во DAM е пониска од 40 €/MWh, се зема HUPX–40 €/MWh за соодветниот час постигната во DAM,

3) за регулација надолу цената на mFRR балансна енергија доставена во Д-1 за денот Д, за негативна или нула вредност на HUPX постигната на DAM за соодветниот час, може да биде поголема или еднаква од вредноста HUPX-40 €/MWh за соодветниот час постигната во DAM (Day Ahead Market).

(5) ОЕПС има право да организира аукции за денот Д, во денот Д-2, односно Д-3, во услови на празници и викенди.

(6) Во услови на одржани аукции за период поголем од Д-1 кога вредностите од став (4) од овој член не се достапни, давателите на балансни услуги доставуваат понуди без ограничување на цената на балансна енергија и согласно тие цени се креира мерит ордер листа. Кога вредностите од став (4) се достапни и доколку цените за балансна енергија ги надминуваат истите, тие ќе бидат сведени на соодветните граници.

(7) Вредноста на доставените понуди за обезбедување на mFRR балансна енергија во денот Д-1 за денот Д, на часовно ниво, мора да биде поголема или еднаква на -50 €/MWh. Доставените количини за секоја балансна единица се изразуваат во целобројна вредност во MWh."

Член 6

Во членот 73 во ставот (1) бројот „60" се менува со бројот „25".

Член 7

Во член 84 во ставот (3) табелата се менува и гласи:

| | Одредување на цената на порамнување на отстапувањата |
|---|---|
| Позитивно отстапување на БОС, доколку цената на HUPX за соодветниот час постигната во DAM има позитивна вредност | ОЕПС му плаќа на БОС, HUPX –50% Доколку вредноста на HUPX за соодветниот час постигнат во DAM е пониска од 40 €/MWh, се зема HUPX – 40 €/MWh за соодветниот час постигната во DAM |
| Позитивно отстапување на БОС, доколку цената на HUPX за соодветниот час постигната во DAM има негативна или нула вредност | ОЕПС му плаќа на БОС, HUPX–40 €/ MWh за соодветниот час постигната во DAM, но не помала од -50 €/MWh |
| Негативно отстапување на БОС, доколку цената на HUPX за соодветниот час постигната во DAM има позитивна вредност, нула или негативна вредност | БОС му плаќа на ОЕПС, HUPX + 50% (Доколку вредноста на HUPX за соодветниот час постигната во DAM е помала од вредноста по која универзалниот снабдувач ја купува електричната енергија од производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет се зема вредност по која универзалниот снабувач ја купува електричната енергија од производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет) |

Член 8

Во член 88 во ставот (5) зборовите „Ct - цената на HUPX во истиот час кога е настанато прогнозираното отстапување", се заменуваат со зборовите: „Ct -цената на HUPX во истиот час кога е настанато прогнозираното отстапување. Доколку вреденоста на HUPX за соодветниот час постигната во DAM е негативна, се зема апсолутната вредност на HUPX за тој час".

Член 9

Во член 92 во ставот (5) бројот „1.000.000" се заменува со бројот „5.000.000".

Член 10

Во членот 93 ставовите (5), (6) и (7) се менуваат и гласат:

„(5) Ако БОС е регистрирана како таква повеќе од 4 месеци, а помалку од 13 месеци до моментот на обновување на варијабилната финансиска гаранција, висината на варијабилната финансиска гаранција се пресметува како износ којшто е двојно поголем од износот на најголемата месечна фактурирана вредност на БОС за отстапувањата направени во претходните месеци од нејзиното регистрирање.

(6) Ако БОС е регистрирана како таква повеќе од 13 месеци до моментот на обновување на варијабилната финансиска гаранција, висината на варијабилната финансиска гаранција се пресметува како износ којшто е двојно поголем од износот на најголемата месечна фактурирана вредност на БОС за отстапувањата направени во претходните 12 месеци.

(7) Најголемата месечна фактурирана вредност на БОС за отстапувањата спомената во став (5) и став (6) од овој член, се однесува само на месеците во кои БОС има финансиски обврски кон ОЕПС, односно ОЕПС му доставува фактура за наплата на отстапувањата."

Член 11

Најдоцна во рок од 60 дена од денот на влегувањето на сила на овие Правила ОЕПС ги усогласува правилата од член 17 ставот (2) и член 32 став (2) со овие правила.

Член 12

Овие правила влегуваат во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02-2421/1
28 април 2025 година
Скопје

Директор на ОЕПС
дипл.ел.инж. **Сашко Лакински** с.р.